Дневни билтени

2015
Февруари
Март
Април
Мај
Јуни
Јули
Август
Септември
Октомври
Ноември
Декември
2016
2017
2018
2019
2020
2021
2022

Извадок на ден дневните настани 02.09.2022

На 01.09.2022 во 17.00 часот во Штип, полициски службеници од СВР Штип го приведе Ш.Н.(30) од Штип. Тој бил баран по потерница од казнено-поправната установа Затвор Куманово поради бегство од затвор. Ш.Н., исто така, се сомнини дека во периодот додека бил во бегство од затворот извршил неколку кривични дела „тешка кражба". По издавање судска наредба, бил извршен и претрес во неговиот дом и беше пронајдени повеќе предмети кои потекнуваат од кривичните дела. Лицето било спроведено во установата за доиздржување на казната, а по целосно документирање на случајте против него ќе биде поднесена соодветна пријава.

На 01.09.2022 во 18.00 часот во атарот на гостиварско Сребиново, во месноста „Запоје", полициски службеници на СВР Тетово-Одделение за внатрешни работи Гостивар ги лишиле од слобода А.Д.(40), Ш.Д.(35) од ова село и Б.С.(41) од Република Албанија затоа што биле затекнати додека со моторна пила бесправно сечеле дабови дрва. Тројката биле задржани во Полициската станица Гостивар, а одземена им е пилата и моторна количина дрва. Подоцна, албанскиот државјанин бил предаден во Отсекот за прекуграничен криминал, миграции, странци и редомисија за натамошна постапка затоа што го злоупотребил и туристичкиот престој на подрачјето. По целосно документирање на случајот против нив ќе биде поднесена соодветна пријава.

На 01.09.2022 во 19.15 часот на улица „Илинденска" во Струмица, полициски службеници од Сектерот за внатрешни работи Струмица го лишиле од слобода М.Ф.(26) од Струмица затоа што кај него била пронајдена и одземена марихуана. За настанот бил запознаен Јавен обвинител, а по целосно документирање на случајот против него ќе биде поднесена соодветна пријава.

На 01.09.2022 во 17.45 часот на подрачјето на Центар- Скопје, полициски службеници од Единицата за интервентна полиција при СВР Скопје го лишиле од слобода И.С.(24) од Штип затоа тоа што кај него била пронајдена и одземена марихуана. По документирање на случајот против него ќе биде поднесена соодветна пријава.

На 01.09.2022 во 16.30 часот во СВР Штип, од Казнено-поправната установа Затвор Штип било приведено дека при претрес во просторија каде се сместени осудените лица П.Т., А.Д., И.С. и Г.В. била пронајдена кафеава прашкаста материја и вага. Полициски службеници од СВР Штип излегле на местото и прашкастата материја и вагата биле одземени за понатамошна постапка. По целосно документирање на случајот ќе биде поднесен соодветен поднесок.

Во текот на вчерашниот ден (01.09.2022) Министерството за внатрешни работи спроведе засилена акциска контрола на територијата на Република Северна Македонија за санкционирање на возила кои се движат со брзина поголема од дозволената, при што санкционираа се 217 возачи. Од них 15 возила се движеле со брзина над 50 километри на час повеќе од дозволеното, а три возила се движеле со дури над 70 километри на час повеќе од дозволената брзина. Притоа 104 возила ја пречекориле брзината во населено место, а 113 надвор од населено место.

Министерството за внатрешни работи во текот на вчерашниот ден (01.09.2022) продолжи со засилените акциски контроли во областа на сообраќајот. На територија на град Скопје изречени се вкупно 162 мерки, меѓу кои за возење повеќе од дозволената брзина: 24 санкции, 16 мерки за возење без возачка дозвола, четири санкции за прекршоци кои ги прават возачите на мотоцикли. Изречени се 15 мерки за користење мобилен телефон, седум санкции за нерегистрирани возила, 11 мерки за непочитување на правењето на минување, пет санкции за минување на затворен сигнал (црвено светло), седум мерки за некористење сигурносен појас, пет санкции за прекршоци кои ги прават пешаците...

Во текот на вчерашниот ден (01.09.2022) на територијата на СВР Битола спроведена е акциска контрола за санкционирање на возачи кои управуваат возило со брзина поголема од пропишаната, при што санкционирани се 28 возачи. Од них 21 возачи ја пречекорила брзината во населено место, а 7 возачи надвор од населено место. На сите прекршители изготвени им се соодветни поднесоци.

На 01.09.2022 во 18.00 часот во ОВР Прилеп било приведено дека на крстосница од улиците „Јоска Јордановски", кеј „1-ви Мај" и „Бранко Секулоски Белата" во Прилеп, патничко моторно возило „фолксваген" со прилепски регистарски ознаки, управувано од Д.Б.(38) од Прилеп, удрило во велосипед управуван од К.С.(53) од Прилеп. Во несреќата со тешки телесни повреди се здобил К.С., констатирани во Градска болница Прилеп.Увид извршила екипа на СВР Прилеп.

На 01.09.2022 околу 23.00 часот во СВР Штип било приведено дека на ул.„Брегалничка" во Штип, патничко возило „мерцедес Е220" со бугарски национални ознаки, управувано од В.С.(37) од Штип, изгубило контрола и удрило во сообраќаен знак. Во несреќата со тешки телесни повреди се здобил сопатникот Т.Ј.(37) од Штип, а со тешки повреди се здобиле возачот В.С. и сопатникот В.Ј.(19) од с.Радање, општина Карбинци, констатирани во Клиничка болница Штип. Увид на местото извршила екипа од СВР Штип.

На 01.09.2022 во 09.10 часот во Полициска станица Делчево било приведено дека на патот Македонска Каменица-Делчево, во атар на с. Драмче, делчевско, се случила сообраќајна несреќа помеѓу патничко моторно возило „ауди" со кочански регистарски ознаки, управувано од Ј.М.(69) од с.Саса, општина Македонска Каменица и трактор „Фергусон 35" со делчевски регистарски ознаки управуван од Ѓ.П.(74) од Делчево. Во несреќата со тешки телесни повреди се здобил возачот Ѓ.П. констатирани во комплекс клиники „Мајка Тереза". Увид на местото на настанот извршила екипа од Полициската станица Делчево.

На 01.09.2022 во 23.10 часот во СВР Тетово било приведено дека на бул.„Илинденска" во Тетово, патничко моторно возило „фолксваген голф" со тетовски регистарски ознаки, управувано од А.М.(60) од Тетово, удрило во електрична инвалидска количка управувана од Г.М.(24) од Тетово. Во несреќата со повреди се здобил Г.М., констатиран во Клиничка болница Тетово. За настанот бил известен Јавен обвинител, а увид на местото на настанот извршил увидна екипа од СВР Тетово.

На 01.09.2022 во 19.00 часот во СВР Скопје било приведено дека на ул.„Михаил Чаков" во Скопје, патничко моторно возило „сеат леон" со скопски регистарски ознаки, управувано од И.З.(36) од Скопје, удрило во Н.Ш.(79) од Скопје. Во несреќата со тешки телесни повреди се здобила Н.Ш., констатирани во Градската општа болница „Св.Наум Охридски". Извршен беш увид од увидна екипа од СВР Скопје.

На 02.09.2022 во 00.10 часот во Полициската станица Аеродром, Р.М.(27) од Скопје приведен дека на бул.„Трета Македонска бригада" била касната да куче скитник.

На 01.09.2022 во 12.00 часот во Полициската станица Центар, Ф.Б.(32) од Скопје приведен дека на ул.„Јоаким Крчоски" неговиот малолетен син бил каснат од куче скитник.

Денеска (02.09.2022) во 13:15 часот на ул.„Темко Попов" во Скопје, полициски службеници од Оперативен тим потрани при СВР Скопје го лишиле од слобода А.М.(47) од Скопје. Тој бил баран по централна потерница поради бегство од Казнено-поправната установа затвор Идризово - Скопје и за доиздржување затворска казна од четири месеци и шест месеци, а бил осуден на казна затвор од шест години и 10 месеци за сторени кривични дела по член 237 и член 215 од Кривичниот законик. Лицето ќе биде спроведено во надлежната установа за доиздржување на затворската казна.

На 01.09.2022 во 19.50 часот во Кичево, полициски службеници од ОВР Кичево ги лишиле од слобода Н.И.(23) од кичевското село Сребјани и А.Ј.(24) од Струмица При претрес во дом во Кичево, што приревемо го користела А.Ј., извршен со судска наредба и во присуство на адвокат, полициските службеници го затекнале Н.И. и кај него пронашле и одделе кокаин. Од А.Ј. била одземена една дигитална вага и други предмети кои потекнуваат од кривичното дело. По целосно документирање на случајот против инв ќе биде поднесена соодветна пријава.

По претресот мерки и активности, СВР Штип расчисти две кривични дела сторени на 29.08. и 30.08.2022 во Штип и поради сомнение дека ги сториле истите да слобода бил лишен Р.Е.(37) од Штип, кој користел викенд отсуство од Казнено-поправната установа Затвор Штип, каде што издржувал затворска казна. Тој се сомнини дека на 29.08.2022 на ул.„Сутјеска" се обидел да одземе накит од жена од Штип и дека на 30.08.2022 на ул. „Христијан Карпош" се употреба на сила од жена од Штип одзел накит. Лицето било задржано во полициска станица и во службен разовор го признало делата. Додека, при претрес во неговиот дом во Штип, извршен со судска наредба, биле пронајдени одземените предмети. Р.Е. бил спроведен во установата за доиздржување на казната, а по целосно документирање на случајте против него ќе биде поднесена соодветна пријава.

На 02.09.2022 во 02.16 часот во СВР Скопје било приведено дека во двор на ул.„19"во нас.Ченто-Скопје, настанал пожар во патничко возило „мерцедес", сопственост на И.Б.(40) од Скопје. Повредени лица нема. Увид бил извршен.

Единицата за економски и компјутерски криминал при СВР Скопје поднесе кривична пријава против З.М.(42) од Скопје поради постојаче основи на сомнение за сторено кривично дело „загрозување на животната средина и природата со отпад". На 15.02.2022, полициски службеници од Единицата за економски и компјутерски криминал со инспектори од Државниот пазарен инспекторат и Државен инспекторат за животна средина извршиле контрола на импровизиран и нерегистриран место за откуп и продажба на секундарни суровини лоцирано на влезот во општина Арачиново и го затекнале приврзаниот З.М. како во моментот на контролата неовластено тргува со отпад без да е регистриран во Централен регистар како правно лице и без да поседува Дозвола за вршење на дејност -Складирање и третман на отпад издадена од Министерството за животна средина.

На 01.09.2022 околу 17.30 часот на магистралниот пат Демир Капија-Удово, полициски службеници од Полициска станица за гранични премени и гранични надзор „Богородица" даде знак за запирање на патничко возило „бмв" со француски национални ознаки, но возилото не застанало и продолжило во правец кон Неготино. Набргу, кај крстосница Прждева, возилото било пронајдено и во него биле затекнати 11 лица мигранти (9 од Сирија и 2 од Пакистан). Извршен бил увид и за настанот бил известен Јавен обвинител. Се работи на расчистување на случајот.

Денеска (02.09.2022) во 06.20 часот во СВР Тетово било приведено дека на локалниот пат што го поврзува тетовските села Требош и Џепчиште, патничко моторно возило „сеат ибица" со тетовски регистарски ознаки, управувано од 24-годишниот Т.К. од тетовски Порој, излетало од коловозот. Во несреќата, возачот кој бил сам во возилото, се здобил со тешки телесни повреди, констатирани во тетовската Клиничка болница. Јавен обвинителот и екипа од Секторот за внатрешни работи Тетово извршиле увид на местото на несреќата.

ОВР Кичево поднесе кривична пријава против Д.Б.(29) од Битола поради постојаче основи на сомнение за сторено кривично дело „неовластено производство и пуштање во промет на наркотички дроги, психотропни супстанци и прекурсори". При прегледа во патничко возило во кое се превезувал приведениот, извршен во близина на кичевското село Сливништа, полициските службеници пронашле и одделе кокаин.

На 01.09.2022 во 19.30 часот во Полициската станица Куманово, 63-годишен жител на Куманово приведи дека бил измамен од едно лице за сума од 12.200 денари. Според приведеното, додека продавал на својата тезга на Градскиот зелен пазар во Куманово, лицето побарало да му купи производи, но му кажало дека има сами купи. Какво што е приведено, откако тој му дал денари, лицето не му ги дало вратата и побегнало. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 01.09.2022 во 12.20 часот во СВР Тетово било приведено дека во тетовската Клиничка болница бил донесен починат 22-годишниот Е.И. од тетовско Боговиње. Според приведеното, тој се здобил со повредите од кои починал додека извршувал градежни работи на уништиен објект во тетовско Камењане. Увид на местото извршиле Јавен обвинител, екипа од Секторот за внатрешни работи Тетово и инспектори за безбедност и здравје при работа од Подрачна единица Тетово. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 01.09.2022 во 22.49 часот во СВР Скопје, од Градската општа болница „Св.Наум Охридски" било приведено дека кај нив со повреди од воздушна пушка во нога била донесена А.М.М.(26) Скопје, со кои се здобила додека се движела пеш од ул.„Стале Попов" кон ул.„Пролет". Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 02.09.2022 во 00.03 часот во Полициската станица Ѓорче Петров, М.Т.(24) од с.Волково, скопско, приведи дека во неговиот дом било фрлено шише со запалива течност од која настанал пожар на цердата со која било покрено неговото возило „пежо 307" со скопски регистарски ознаки. Според приведеното, огнот сам се изгасил, а повредени лица нема. Се работи на расчистување нас *лучајот.*

На 01.09.2022 во 14.23 часот во СВР Скопје било приведено дека во домот на неговата мајка бил пронајден починат М.Д.(38) од Скопје. Смрт без видливи траги на насилство констатирал лекар од Итна медицинска помош, а увид извршила екипа од СВР Скопје. По наредба на Јавен обвинителот телото на починатиот било дадено на одјукција.

На 01.09.2022 околу 14.00 часот во СВР Скопје било приведено дека на бул.„Трета Македонска бригада" во Скопје се случила сообраќајна несрека помеѓу патничко возило „шкода јети", сопственост на МВР, патничко возило „фолксваген голф" со скопски регистарски ознаки, управувано од Ј.С.(55) од Скопје, патничко возило „фолксваген поло" со скопски регистарски ознаки, управувано од Ј.Ц.(21) од Скопје и патничко возило „хјундаи" со скопски регистарски ознаки, управувано од М.А.(38) од Скопје. Во незгодата, М.А и Ј.Ц. се здобиле со повреди констатирани во Комплексот клиники „Мајка Тереза" во Скопје. Увид на местото извршила екипа од СВР Скопје.

На 02.09.2022 во 01.10 часот во Полициската станица Центар, А.Д.Л.(52) од САД приведи дека на 01.09.2022 околу 23.50 часот прег угостителски објект на подрачје на Центар - Скопје тој и И.Е.К.(53) од САД биле физички нападнати од С.С.(31) од Скопје. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 01.09.2022 во 16.00 часот во Полициската станица Гази Баба, А.Б.(27) од Скопје приведила дека во 15.00 часот во с. Иниково, скопско, таа и Г.Ј.(33) од Косово, го нарушиле јавниот ред и мир со меѓусебна физичка пресметка. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 01.09.2022 во 14.20 часот во Полициската станица Центар, Т.Ј.(26) од Скопје приведила дека околу 14.00 часот пред Основен кривичен суд Скопје била физички нападната од едно женско лице. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 01.09.2022 околу 04.00 часот во Полициската станица Чаир, Б.Д.(31) од Скопје приведи дека на паркинг простор на подрачје на Чаир настанал пожар во неговото возило „ауди а4". Извршен е увид.

На 01.09.2022 во 19.20 часот во СВР Скопје било приведено дека во аптека во с.Вељбегово, скопско, едно лице со закана кон вработените одзело пари од дневниот промет. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

ОВР Гевгелија поднесе кривична пријава против А.Ј.(20) од Богданци поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „измама". На 06.08.2022, таа се договорила со женско лице од Гевгелија, со таксиот возило да и прати злато со врвна тежина од 32,48 грама, кое приврзаната требало да го пречека во Скопје, да го стави во залог кај незјин приврзет и со истото таксиот возило да се врати во Гевгелија и да и донесе пари. Таксиот возачот и го предал пакетот на приврзаната, која истиот дел го продала во златарница. До моментот на поднесување на приврзаната оштетената не ги добила паричните средства.

СВР Велес поднесе кривична пријава против Д. Р.(20) од Велес и В. М.(21) од с.Раштани, велешко, поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „неовластено производство и пуштање во промет на наркотички дроги, психотропни супстанци и прекурсори". На 29.08.2022 во Велес, полициски службеници за заблежување приврзаните како од патничко возило „фиат пунто" фрлиле амфетамин, а подоцна при извршен преглед кај нив, кај Д.Р. била пронајдена и одземена марихуана.

СВР Велес поднесе кривична пријава против Т.Т.(40) од Велес поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „неовластено производство и пуштање во промет на наркотички дроги, психотропни супстанци и прекурсори". На 29.08.2022 во Велес, полициски службеници извршиле преглед во патничко возило „фолксваген голф", управувано од приврзаниот, при што кај него бил пронајден и одземен кокаин.

Секој упад и злоупотреба на веб страницата на МВР е казнив по член 251 од КЗ на Република Северна Македонија
Министерство за внатрешни работи на Република Северна Македонија, ул.Димче Мирчев бр.9, 1000 Скопје,
тел: +389 (0)2 3 117 222 факс: (02)3112468 e-mouta: kontakt@moi.gov.mk

Изработено од Унет